Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 240/0306
09.06 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 31 мај 2021 година, врз основа на примена жалба од интернет – порталот „Кумановски муабети“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет - порталот „Лидер.мк“ со текстот насловен „Родителите на учениците од Куманово побараа оставка од Царовска“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 12.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 15 мај 2021 година, интернет – порталот „Кумановски муабети“ поднесе жалба за текстот со наслов „Родителите на учениците од Куманово побараа оставка од Царовска“, објавен на 15 мај 2021 година, на интернет - порталот „Лидер.мк“ (www.lider.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот има нарушување на авторски права, односно плагијат и дека Кодексот на новинарите е прекршен во членот 12.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет - порталот „Лидер.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот не одговори на наводите на жалбата.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 12**:**

***Член 12: „Плагијаторството е неприфатливо. Цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот“.***

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 31 мај 2021 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина.

Членовите на Комисијата заклучија дека се работи за сериозно нарушување на професионалните и етички стандарди, во случајов за комплетно преземање на текст од еден во друг медиум, без воопшто да биде нагласен изворот и авторот на оригиналната содржина.

Станува збор за текст објавен на порталот „Кумановски муабети“, кој пренесува информација за протест на група граѓани во Куманово против образовните реформи и процесот на дигитализација на учебниците. Комисијата констатираше дека интернет - порталот „Лидер.мк“ буквално го пресликал текстот, односно, целосно ја презел содржината од „Кумановски муабети“, вклучително и две фотографии. Комисијата утврди дека

единствено исклучок е направен во насловот, кој е делумно изменет во однос на насловот на оригиналниот текст:

***Наслов на „Кумановски муабети“:** Оставка од Царовска и референдум за образовните реформи, побараа родителите во Куманово (фото)

***Наслов на „Лидер.мк“:** „Родителите на учениците од Куманово побараа оставка од Царовска“

Комисијата се согласи дека се работи за нефер однос и очигледен обид вешто да се „присвои“ туѓа содржина и да се претстави како своја. Ова уште повеќе што станува збор за текст за кој авторот несомнено потрошил труд, ресурси и време.

Новинарските стандарди налагаат секоја содржина преземена од друг извор да биде соодветно означена, вклучително и да се посочи линк кон оригиналниот текст, особено во случаи кога се преземаат целосни или поголеми делови од содржините на другите медиуми. Имено, таквите правила се јасно назначени и во самиот Правилник за услови за преземање содржини, објавен на веб-страницата на „Кумановски муабети“[1], кој порталот „Лидер“ не смеел да го игнорира.

Оттука, Комисијата најде дека интернет – порталот „Лидер.мк“ го прекршил **членот 12** од Кодексот на новинарите, според кој плагијатортвото е неприфатливо, а цитатите не смеат да се користат без да се нагласи изворот или авторот. Непочитувањето на авторските права се смета за грубо кршење на етичките правила. Доколку информацијата е преземена или парафразирана од друг медиум, авторско дело или истражување, изворот мора да биде наведен, во спротивно, станува збор за плагијатор, а не за новинар.

Новинарите во онлајн медиумите нема да потпишуваат текстови, фотографии, илустрации, видео и звучни записи на други автори и медиуми како свои. Пред користењето вести или извадоци од текстови на други медиуми, тие ќе ги консултираат правилата за користење на медиумските содржини на медиумот кој ги продуцирал, доколку тој има усвоено и објавено такви правила.

Онлајн медиумите, доколку не поседуваат, треба да изработат сопствени правила во кои ќе ги наведат начинот и обемот на преземање и користење содржини од други медиуми и автори, како на пример: начинот на истакнување на изворот од кадешто се пренесува содржината, начинот на цитирање на извадоци од оригиналниот авторски текст, начинот на уредување на правата за целосно користење туѓи авторски текстови и др.

---

[1] https://kumanovskimuabeti.mk/legal-agreement/

Во овој контекст, Комисијата ги повикува медиумите јасно и експлицитно да го наведуваат изворот и авторот при преземање на содржини од друг медиум, како и да наведат линк, во случај, кога се објавува целосно преземена содржина.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

**Се обврзува интернет - порталот „Лидер.мк“ (www.lider.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595